ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 02 - 964/21

03.10 2018 год.

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ЗА ЧИТАЊЕ НА СТАНДАРДИ

Врз основа на член 25, став 1, алинеа 9 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр. 07-124/2 од 11.02.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на 33-тата седница оджана на ден 03.09.2018 година донесе:

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ЗА ЧИТАЊЕ НА СТАНДАРДИ

## Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на надоместокот за електронски пристап за читање на македонски стандарди и стандардизациски документи наменети за претпријатија, институции од државен и јавен карактер, здруженија и други организации, физички лица, средношколци, студенти, магистранти и докторанти во образовни институции во Република Македонија.

## Член 2

Висината на надоместокот за електронски пристап за читање на македонски стандарди и стандардизациски документи за: претпријатија, институции од државен и јавен карактер, здруженија и други видови на организации, физички лица, како и за магистранти и докторанти во високо образовни институции, се пресметува на начин даден во Табела 1.

| Број на стандарди | Времетраење на пристап | Износ на надоместок (денари) |
|---|---|---|
| 1-5 | 7 дена | 300 |
| | 1 месец | 1000 |
| | 3 месеци | 2000 |
| 6-10 | 7 дена | 600 |
| | 1 месец | 1500 |
| | 3 месеци | 3000 |
| 11-20 | 7 дена | 1000 |
| | 1 месец | 2500 |
| | 3 месеци | 4500 |

Табела 1

## Член 3

Висината на надоместокот за електронски пристап за читање на стандарди за средношколци и студенти во високо образовни институции во Република Македонија се пресметува на начин даден во Табела 2.

| Број на стандарди | Времетраење на пристап | Износ на надоместок (денари) |
|---|---|---|
| 1-5 | 7 дена | 100 |
| | 1 месец | 500 |
| | 3 месеци | 1000 |
| 6-10 | 7 дена | 300 |
| | 1 месец | 800 |
| | 3 месеци | 1500 |
| 11-20 | 7 дена | 500 |
| | 1 месец | 1000 |
| | 3 месеци | 2000 |

Табела 2

Скопје, септември 2018 година

При спроведување на член 3 од оваа одлука, треба да се почитува следното:

- Учениците во средно училиште треба да донесат доказ за запишана училишна година
- Редовните студенти треба да донесат доказ за запишан семестар како редовни студенти

Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на висина на надоместок за електронски пристап за читање на стандарди (соба за читање), бр. 02-464/14 од 13.05.2013 година"

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Тоде Темов,
Прегледал: Филип Тасков,

Одобрил: м-р Џеват Кицара - Директор на ИСРМ

Скопје, ____________ 2018 година

**Претседател на Совет**

**Проф. Д-р Јадранка Блажевска Гилев**

Скопје, септември 2018 година